Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 февруари 2021 година

Скопје, февруари 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 19 февруари 2021 година**

Седницата започна во 9:05 часот.

Со седницата претседаваше Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на мининстерот за правда како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Мила Царовска, министер за образование и наука.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за склучување на Анекс на Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка) број 17-7950/1 од 19.11.2020 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за КОВИД-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за КОВИД-19 и за Договорот за обештетување со Астра Зенека, со Писмо за измена кон Договорот

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Извештај за завршени преговори за усогласување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција кој се однесува на филмската копродукција

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за склучување на Анекс на Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка) број 17-7950/1 од 19.11.2020 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за КОВИД-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за КОВИД-19 и за Договорот за обештетување со Астра Зенека, со Писмо за измена кон Договорот и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати COVAX механизам – Писмото за измена кон Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка) број 17-7950/1 од 19.11.2020 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за КОВИД-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за КОВИД-19 (COVAX Facility – Amendment Letter to the Commitment Agreement).

2. Го овласти доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише COVAX механизам – Писмото за измена кон Договорот за преземени обврски (обврзувачки договор за набавка) број 17-7950/1 од 19.11.2020 година, помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Глобалниот сојуз за вакцини (ГАВИ) (GAVI ALLIANCE), за набавка на вакцини за КОВИД-19 преку COVAX механизмот за обезбедување глобален и рамномерен пристап до безбедни и ефективни вакцини за КОВИД-19 (COVAX Facility – Amendment Letter to the Commitment Agreement).

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 4**

Владата го разгледа Извештајот за завршени преговори за усогласување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција кој се однесува на филмската копродукција, со усогласен текст на Договор и условно (доколку се работи за усогласен текст на Договорот и завршена постапка на усогласување) ги донесе следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за завршени преговори за усогласување на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција кој се однесува на филмската копродукција.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција кој се однесува на филмската копродукција.

3. Се определува министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Франција кој се однесува на филмската копродукција.

Истовремено, се задолжува Агенцијата за филм на Република Северна Македонија да го дополни материјалот со усогласениот текст на Договор на француски јазик.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:10 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Artan Grubi**